**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25-01-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 515 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен", и тоа:

- изданието бр.41 на весникот „Независен" од 25 јануари 2018 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јануари 2018 година.

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен вонреден административен надзор. Вонредниот административен надзор беше извршен на 11.12.2017 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.11 на весникот „Независен" од 11 декември 2017 година, не ги објавил податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот, адресата на печатницата и датумот на печатење или препечатување.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-465 од 13.12.2017 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен".

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор на изданието бр.41 на весникот „Независен" од 25 јануари 2018 година е констатирано дека Друштвото за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје во целост постапило по решението за преземање мерка, односно го отстранило прекршувањето на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***